Арх.бр. УП1-15 816/2024

Дата 15-04-2024

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Ресен се издава **Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија 10(20)kV среднонапонски кабел во КО Ресен и КО Ресен вон град, Општина Ресен.**
Должината на трасата изнесува 489 m.
Трасата се граничи со опфати и траса за кои се издадени:

- Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП 2588, КПК 2589, КП 2590 и КП 2591, КО Ресен вгр., Општина Ресен со тех.бр.У09022;
- Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2548, КП 2549, КП 2550/2, КП 2551, КП 2552 во м.в Трајкова куќа, КО Ресен вон гр., Општина Ресен, со тех.бр.У65322.
- Услови за планирање на просторот за изградба на нов 10(20)kV кабелски вод, КО Ресен вон гр., КО Сопотско, Општина Ресен, со тех.бр.У34822.

Во непосредна близина на трасата се наоѓа опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот со намена површисни соларни и фотоволтаични електрани на КП 2671/2, КП 2671/3, КП 2671/4 и КП 2672 во м.в. Доброво, КО Ресен вон град, Општина Ресен, со тех.бр.У35623.

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**
**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот **со тех. бр. Y65123** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија 10(20)kV среднонапонски кабел во КО Ресен и КО Ресен вон град, Општина Ресен, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стрикното органичување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природна плодност на земјиштето.

5. **Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23).**

6. Согласно податоците од Заштитно конзерваторски основи за заштита на недвижното културно наследство изработени од Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид за потребите на Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион, и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Ресен има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.

7. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија 10(20)kV среднонапонски кабел во КО Ресен и КО Ресен вон град, Општина Ресен, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Ресен, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 57898 од 15.12.2023 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

за пренос на електрична енергија 10(20)kV среднонапонски кабел во КО Ресен и КО Ресен вон град, Општина Ресен.

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија 10(20)kV среднонапонски кабел во КО Ресен и КО Ресен вон град, Општина Ресен и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 816/2024 од 11.04.2024 година.

Условите за планирање на просторот **со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија 10(20)kV среднонапонски кабел во КО Ресен и КО Ресен вон град, Општина Ресен,** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Shkup

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk